Врз основа на Член 20 и член 76 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл.Весник на РМ 31/98), Собранието на Здружението ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ – МАКЕДОНИЈА, одржано на ден 10.01.2024 година го донесе следниот:

# С Т А Т У Т
# НА
# ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ – МАКЕДОНИЈА
**(пречистен текст од 10.01.2024 година)**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ
## ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО:

Член 1

Назив на здружението е:

**ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ – МАКЕДОНИЈА**
**И со скратен назив: ТИ – МАКЕДОНИЈА.**

Во правниот промет здружението настапува со називот од став 1 на овој член.
Во правниот промет кога се очекува учество или е вклучен странски елемент здружението со еднаква правна валидност ќе се користи со превод на називот на англиски јазик и латинско писмо:
**TRANSPARENCY INTERNATIONAL – MACEDONIA**
**И со скратен назив: TI – MACEDONIA.**

Член 2

Седиштето на здружението е на ул.Видое Смилевски – Бато бр.10-2/28 Скопје.
Здружението ќе делува на територија на Република Македонија.

Член 3

Здружението има својство на правно лице, со сите права и обврски според Уставот и законите на Република Македонија, како и според овој Статут.

Член 4

Здружението има симбол.
Графички приказ на знак на здружението е: правоаголна форма, во која се впишани ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ во сина боја и зборот МАКЕДОНИЈА секогаш е во црвена боја.
Ова се однесува и на транскриптот.

Член 5

Здружението има печат и штембил.
Во правниот промет здружението се користи со печат во кружна форма, со стандарден дијаметар, на кој во полукруг е испишан текст:
ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ – МАКЕДОНИЈА
Сиот текст е испишан на македонски јазик со кирилско писмо.
Во правниот промет кога се очекува учество или е вклучен странски елемент со еднаква валидност здружението ќе се користи со печат во кружна форма, со стандарден дијаметар, на кој во полукруг е испишан текст:
TRANSPARENCY INTERNATIONAL – MACEDONIA.
Сиот текст е испишан на англиски јазик со латинско писмо.
Согласно со ова здружението ќе има еден кружен печат.

Член 6

Штембилот на здружението е со правоаголна форма со стандардни димензии во кој е застапен:
Простор за број, датум и место и
Содржините согласно член 4 став 2 и 3 од овој Статут.

**НАЧЕЛА НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

Член 7

Здружението своето работење го засновува на следните начела:
-законитост;
-јавност и непосредност;
-изборност при одлучувањето и сменливост и
-рационалност и економичност при извршувањето на административните работи.

Член 8

ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ – МАКЕДОНИЈА Е независно, неполитичко, непартиско, непрофитно и самостојно здружение на граѓани.
Работата на здружението е јавна.

Член 9

Јавноста при работата ќе се остварува преку:

1. Публикување на повремени печатени материјали;
2. Известувања преку средствата за јавно информирање;
3. Редовни седници на Собранието и Управниот одбор;
4. Увид во документацијата на здружението;
5. Веб страница;
6. Комуникација преку електронска пошта;
7. Како за членовите така и за сите заинтересирани за работата на здружението не е дозволено политичко организирање во здружението.

Основен извор на правата за работа на здружението се:
-Уставот и законите на Република Македонија;
-Статутот и другите акти донесени врз основа на него;
Здружението самостојно ги уредува внатрешните односи, како и односите на внатрешен и меѓународен план, под услов и на начин утврден со закон.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО:**

Член 10

-работа и развивање на проекти, спроведување на научни и истражувачки активности за проблемите на корупцијата со користење на научните сознанија, средства и методи, како и искуства на истражувачите, јавните службеници и експертите во оваа област;
-соработка со сродни невладини организации и овластени институции во Република Македонија, публикување и дистрибуција на собраните аналитички информации и добиените сознанија со цел создавање или спроведување организирана општествена активност за проблемот на корупцијата;
-влијание врз јавното мислење и создавање на критичка свест на јавноста кон корупцијата;
-обезбедување на експретска поддршка и поддршка од јавноста за активностите насочени кон доброто владеење, намалување и спротивставување на корупцијата;
-воспоставување на меѓународна соработка во оваа насока, согласно позитивните законски норми;
-за постигнување на своите цели, здружението својата работа може да ја координира со работата на сродни организации, институции и физички лица во нашата држава и странство.

Член 11

За остварување на целите содржани во членот 10, здружението ќе:
-создаде експретски работни групи за организирање и спроведување на специјализирани истражувања во полето на корупцијата;

-организира и спроведува работа на проекти за создавање на јасни и сеопфатни кодекси за однесување во работењето на сите сегменти на општествениот живот, со цел намалување и контрола над корупцијата, како и на проекти за воведување на правила и вклучување на македонското општество во проблемот;
-разменува искуства со случни локални и меѓународни организации и ќе ги координира активностите на владините и невладините организации со слични цели и форми на активност;
-организира предавања, дискусии и семинари во согласност со целите;
-организира усовршување на своите членови во оваа област;
-ги објавува резултатите од активностите на здружението со помош на медиумите и со издавање на билтен на здружението;
-врши други видови активности во согласност со законските и моралните норми, што ќе придонесат за постигнување на целите на здружението.

## 2.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 12

Член на здружението може да биде секој граѓанин на Република Македонија, кој доброволно ќе пристапи кон здружението и кој ќе ги прифати целите и задачите на здружението утврдени со овој Статут, како и методите на остварување на истите, без оглед на неговата полова, расна, национална или верска припадност или политичка определба.
Во здружението можат да членуваат и партиципираат и правни лица регистрирани на територија на Република Македонија, како и физички лица кои не се државјани на Република Македонија, под услов и на начин предвиден во закон.
Зачленувањето се врши со пристапница и приложена биографија, која при исклучување или престанок на членувањето задолжително се враќа.
За прием на членството на здружението одлучува Собранието со мнозинство гласови на присутните.

Член 13

Членовите на здружението имаат права и обврски согласно со одредбите на овој Статут и позитивните законски прописи.
Членовите на здружението активно учествуваат во спроведувањето и остварување на програмските цели и определби на здружението, а особено:
-да учествуваат во одлучувачки и административни активности на здружението;
-да плаќаат членарина;
-да бидат бирани и да бираат;

Член 14

Членството во здружението може да престане со:
-писмена изјава на членот дека истапува од здружението;
-со исклучување ако не се придржува кон одредбите на Статутот и другите акти, а по одлука на Собранието.
Здружението за своите членови води регистар, кој се ажурира еднаш годишно.

## 3.ИМОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 15

Здружението може да стекнува имот на начин и под услови предвидени во овој Статут како и согласно позитивните законски прописи.
Средствата за работа на здружението можат да се обезбедат преку:
-членарина од членството;
-донации;
-грантови;
-подароци;

-прилози;
-спонзорства;
-од приходи од стручни и други активности на здружението.
Здружението може да остварува приходи и од добивка на друштвата со ограничена одговорност и акционерските друштва, кои се основани со средства на здружението како и од други извори.
Здружението може да бара и да добива средства од буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа и буџетот на Град Скопје, согласно одредбите на законот.

Член 16

Сопственоста на Здружението се состои од движен и недвижен имот, истата е неприкосновена и служи исклучиво за негови потреби, програмски определби и цели.
Стручната служба води евиденција за движниот и недвижниот имот на здружението на територија на Република Македонија, како и надвор од неа.
Со средствата располага Управниот одбор и истите ги користи за остварување на целите и задачите на здружението.

Член 17

Висината на членарината ја утврдува Управниот одбор со посебна одлука. Начинот на материјалното финансиско работење, како и плаќањата ќе се вршат на начин утврден со закон.
Здружението има свој буџет.

Член 18

Здружението за своите обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот и сите свои средства.
Здружението не може да врши стопанска дејност, но може да основа друштво со ограничена одговорност и акционерски друштва за неговите цели интереси и активности утврдени со Статутот.

**4.ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ**

Член 19

Органи на здружението се:
- Собрание
- Управен одбор
- Надзорен одбор
- Претседател
- Заменик претседател
- Генерален секретар
- Стручна служба
- Програмски совет

a. **Собрание:**

Член 20

Собранието е колективен орган на здружението, составен од членовите на здружението и работи на седници, на кои претседава Работно претседателство избрано од Собранието.
Седниците на собранието ги свикува претседателот на здружението најмалку еднаш годишно, по лично наоѓање или иницијатива од Управниот одбор, Надзорниот одбор или најмалку 1/5 од вкупниот број на членовите на здружението.
Ако претседателот на здружението во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница на Собранието, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.
За полноважна работа на Собранието потребно е присуство на просто мнозинство од членовите, а одлуките се донесуваат со јавно гласање по принципот “еден член-еден глас” со мнозинство од присутните.
Присуството на претседателот на здружението или на лице кое го заменува, на седница на Собранието, е задолжително.

Член 21

Собранието ги има следните права и обврски:
-го донесува Статутот и неговите измени и дополнувања;
-ја разгледува и усвојува годишната пресметка на приходи и расходи;
-ги избира и разрешува членовите не Управниот одбор и Надзорниот одбор;
-го избира и разрешува претседателот на здружението;
-го избира и разрешува заменикот претседател на здружението;
-го избира и разрешува генералниот секретар на предлог на Управниот Одбор;
-одлучува за здружување со други здруженија;
-одлучува за статусни промени на Здружението и за негово бришење од Регистарот на здруженија на граѓани на Република Македонија;
-ја усвојува завршната сметка, годишниот извештај и финансискиот план;
-одлучува за престанок на здружението;
-одлучува за други прашања кои по одлука на Управниот одбор ќе бидат поставени пред него;

**b. Управен одбор:**

Член 22

Управниот одбор се состои од 7 до 11 членови.
Управниот одбор се избира и именува за период од 4 години, со можност за повторно да биде биран.
Во управниот одбор може да биде избран и именуван секој член на здружението.

Член 23

Управниот одбор или негов член можат да бидат отповикани – разрешени од функцијата и пред истекот на периодот за кој се именувани по одлука на Собранието и тоа:
-по свое барање;
-доколку бидат констатирани недоследности во извршувањето на поставените обврски и задачи;
-поради не придржување кон одлуките на Собранието и повреда на Статутот;
-поради неактивност (отсуство од 3 три последователни состаноци).

Член 24

Управниот одбор работи на седници.
Годишно се одржуваат најмалку четири седници.
Одлуката е донесена ако за неа се изјасниле повеќе од половина од членовите на Управниот одбор.
Член на Управен одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина во втор степен, или прашања кои се однесуваат на некое правно лице врз кое тој има контрола или некој интерес.

Член 25

Права и обврски на Управниот одбор се:
-донесува годишен план и програма за работа;
-дава предлог на Собранието за избор и разрешување на генерален секретар;
-раководи со дејноста на здружението;
-подготвува предлози за работа на Собранието;
-раководи и се грижи за целосно тековно работење на Здружението;
-дава упатства и насоки за работа на претседателот на Здружението;
-еднаш годишно поднесува извештај за својата работа пред Собранието;
-Ги разгледува и евидентира барањата за прием во членство во здружението;
-одлучува за прв степен по барања на членовите и по приговори во втор степен, како преиспитување на своја претходно донесена одлука;

-ги подготвува и спроведува изборите три месеци пред истекот на мандатот или во рок од три месеци по разрешувањето на претседателот, заменикот претседател или на целиот Управен одбор;
-го избира претседателот на Програмскиот совет;
-управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
-врши и други работи кои со овој Статут не се ставени во надлежност на Собранието или претседателот на здружението.

За својата работа Управниот одбор е одговорен пред Собранието.

Член 26

За остварување на административно-стручните работи од заеднички интерес за остварување на целите и задачите на здружението се формира стручна служба.

**c. Претседател**

Член 27

Претседателот на здружението е член на Управниот одбор и претседава со него.
Претседателот на Управниот одбор истовремено е и претседател на Собранието.
За Претседател на здружението може да биде именуван секој член на здружението кого Собранието го избрало за член на Управниот одбор.
Изборот се врши јавно, на седница на Собранието, по предлог за кој ќе се изјаснат мнозинството на членовите, за период од четири години, со можност за повторно да биде избран.
Во случај на оставка на претседателот, него го заменува заменикот на претседател на здружението до изборот на нов претседател.

**Заменик претседател**

Член 28

Заменик претседателот се избира од редот на членовите на Управниот одбор за мандатен период од четири години, со можност за повторен избор.
Заменикот претседател го заменува претседателот кога тој е отсутен или се наоѓа надвор од земјата.

Член 29

Претседателот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот, по негово барање или со одлука на Собранието поради констатирани недоследности во извршувањето на поставените задачи или непридржување кон одредбите на овој Статут, како и поради други причини кои го прават недостоен да биде претседател на здружението.
Разрешувањето или оставка на претседателот не повлекува разрешување на Управниот одбор.
За својата работа претседателот е одговорен пред Собранието и Управниот одбор.

Член 30

Во случаите од претходниот член заменикот претседател и Управниот одбор продолжуваат со работа до именување на нов член на Управниот одбор, најдолго за рок од 30 дена, сметано од денот на оставката, односно разрешувањето, во кој рок треба да свикаат седница на Собранието за избор и именување на нов член во Управниот одбор.
Во случај на непостапување согласно став 1 (еден) од овој член, најмалку половина од членовите на Собранието плус еден, можат да свикаат седница на Собранието и да спроведат постапката за избор и именување, согласно одредбите од овој Статут.

**Г) Надзорен одбор:**

Член 31

Надзорниот одбор е колективен орган составен од три члена со мандат од четири години, со право на реизбор. Собранието ги избира и разрешува членовите на Надзорниот одбор.
За својата работа Надзорниот одбор одговара пред Собранието.
Надзорниот одбор работи самостојно и по налог на Собранието, а особено:
-врши надзор над исправноста на изборите во здружението;
-врши увид во материјално финансиското работење и ревизија на тековното работење;
-врши надзор над исполнувањето на правата и обврските на членовите во однос на Статутот и актите на здружението;

Член на Надзорниот одбор може да биде разрешен и пред рокот за кој е избран, под услов и на начин предвиден во одредбите на член 23 од овој Статут, а кои се однесуваат на Управниот одбор.

**Д) Генерален секретар**

Член 32

Генералниот секретар го избира Собранието на предлог на Управниот одбор.
Генералниот секретар се избира за период од четири години со можност за повторен избор.
Генералниот секретар за својата работа е одговорен пред Собранието.
Генералниот секретар учествува во работата на Управниот одбор без право на глас.
Генералниот секретар ги следи и анализира состојбите и проблемите во дејноста на здружението, дава прогнози и предвидувања за идни услови, проблеми и можности.
Генералниот секретар се грижи за стратешкото планирање и изготвува перспективни, годишни, и периодични програми и планови за работа како и финансиски планови. Одговорен е за извршување на програмата и на планот за работа и на финансискиот план и поднесува периодични и годишни извештаи и финансиски извештај до Собранието на здружението, преку Управениот одбор.
Генералниот секретар е потписник на жиро сметката како и на финансиските акти на здружението. Потписник на жиро сметката и на финансиските акти може да биде и лице овластено од генералниот секретар.
Генералниот секретар раководи со извршната канцеларија, ја планира, организира и спроведува работата на канцеларијата, воспоставува соодветни процедури за работа, воспоставува показатели на работни достигнувања и ги оценува и коригира работните достигнувања.
Генералниот секретар врши и други работи во негова надлежност во склад со законот, Статотот и општите акти на здружението.

Член 33

Генералниот секретар може да биде разрешен во следните случаи:
-на негово барање
-доколку не покаже задоволителни резултати во работењето
-во други случаи предвидени со закон
Одлука за разрешување на генералниот секретар донесува Собранието на предлог на Управниот одбор со двотретинско мнозинство од членовите.

**КООРДИНАЦИЈА НА ПРОЕКТИ**

Член 34

За работа на конкретни проекти се избираат координатори кои се одговорни за спроведување на проектите.
Координаторите на проекти за својата работа одговараат пред генералниот секретар.

**Ѓ) Програмски совет:**

Член 35

Здружението може да формира програмски совет од еминентни научно-културни работници и експерти од одредени сфери поврзани со програмските определби, целите и задачите на Здружението.
Во програмскиот совет можат да партиципираат и учествуваат лица кои не се членови на ЗДружението, со обврска да ги почитуваат принципите, начелата и целите на Здружението.
Програмскиот совет се конституира и состанува по потреба, по наоѓање, покана и предлог на Управниот одбор и генералниот секретар.
Програмскиот совет дава предлози и мислења во врска со конкретни прашања и проблеми од предложената тематска област.
Член на програмски совет може да биде ангажиран да учествува во изготвување и работа на проекти, како и во други активности на Собранието.
Програмскиот совет ќе ја уредува повремената печатена публикација под наслов “Транспарентност без граници”.

Член 36

Претседател на програмскиот совет
Собранието на предлог на Управниот одбор и генералниот секретар избира претседател со програмски совет за период од четири години со можност за повторен избор.
Претседателот раководи со советот и заедно со останатите членови учествува во работата на советот.
Претседателот на Програмскиот совет во име на организацијата контактира со донорите и со други субјекти, во функција на презентација на програмските активности на организацијата и конкретни проекти.
Претседателот на програмскиот совет треба да има искуство во работа со проекти, искуство во работа од областа на корупцијата.
Претседателот на Програмскиот совет во име на организацијата контактира со донорите и со други субјекти во функција на презентација на нови проекти и програми.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 37

Овој статут може да биде изменет на начин на кој е и донесен, по иницијатива на претседателот на здружението, Управниот одбор, генералниот секретар или пак по предлог од најмалку еден повеќе од половината од вкупниот број членови на Собранието.
Иницијативата, односно предлогот треба да содржат аргументирано образложение. Еднаш неприфатена иницијатива односно предлог, не може повторно да се истакне пред истекот на шест месеци од денот на добивање на предлогот.

Член 38

Предлог статутот како и предлогот за негови измени и дополненија се става на јавна расправа најмалку седум дена пред седницата на Собранието на која ќе бидат разгледувани, а истите се усвојуваат согласно член 21 став 1 точка 1 од овој Статут.

Член 39

Сите акти на Здружението мораат да бидат во согласност со овој Статут.

Член 40

Статутот влегува во сила веднаш со денот на неговото донесување.

Член 41

За престанок на Здружението одлучува Собранието со двотретинско мнозинство на гласови ако:
-бројот на членови на Здружението се намали под бројот потребен за основање;
-Уставниот суд на РМ утврди дека Програмата и Статутот на здружението не се во согласност со Уставот;

-се утврди дека здружението престанало со работа;
-во други случаи предвидени со Закон.
Во случај на престанок на Здружението, Претседателот е должен да го извести Основниот Суд каде е извршена регистрацијата на здружението во рок од 15 дена по донесената одлука за престанок.

Член 42

По престанок на Здружението, намирувањето на обврските и бришењето од регистарот на Здруженија на граѓани, имотот на здружението ќе припадне на Македонскиот црвен крст.

**Здружение**
**ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ – МАКЕДОНИЈА**
**Д-р Слаѓана Тасева Петровска**
**Претседател**